Врз основа член 22 став 1 точка 3, член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 8 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019 и бр. 16/24), Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 17.12.2024 г. донесе:

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година

**Вовед**

Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој се подготвува и се усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Новаци, други позитивни законски одредби и препораките на Европската Унија за забрзување на процесот за децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно транспарентно и плански усвоените развојни документи. Според членот 22 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа се уредува: локалниот економски развој, планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство“.

Општините со Законот за локална самоуправа од 2002 година, имаат надлежност и улога да го водат и спроведуваат планирањето на локалниот економски развој, покрај приватниот сектор како главен двигател на локалниот економски развој.

Со оваа Програма се утврдуваат развојните приоритети на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во текот на 2025 година. Активностите предвидени со оваа програма претставува дефиниран збир на проекти кои ќе бидат насочени кон континуиран одржлив развој и подобрување на животниот стандард на жителите на општина Новаци: создавање на услови за потикнување на локалниот економски развој, поддршка на проекти и активности кои придонесуваат за подобрување на локалниот и руралниот развој и меѓуопштинска и меѓународна соработка.

Во 2025 година во областа на локалниот економски развој одделението за Локален економски развој и јавни дејности согласно надлежностите ќе продолжи со директна реализација на веќе започнатите проекти и со аплицирање на нови. Во текот на 2025 година активно ќе се работи на изработување на документација за нови проекти, но и апликација на постоечките кон отворените повици како од Владата и надлежните министерства и институции, така и кон меѓународните отворени фондови и програми наменети за развој на општините.

Сите активности на Општина Новаци ќе бидат во согласност со Стратегијата за ЛЕР 2023-2028 година. Преку нејзината реализација ќе се имплементираат голем број на проекти во насока на подобрување на понудата на Општина Новаци како дестинација за рурален туризам, развој на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој и подобрување на

инфраструктурата и подготовка на јавните објекти за подобра искористеност кон гореспоменатите цели.

**Основна цел**

Основна цел на Програмата е да се даде придонес на локалниот економски развој преку реализација на планираните активности согласно развојните стратешки определби на Општина Новаци.

**Генерална цел на програмата**

Континуиран развој на капацитетите на Општина Новаци за привлекување инвестиции, намалување на невработеноста преку развој и реализација на проекти, како и промоција на општината. Активна имплементација на добиените и аплицирање на нови проекти од домашни и меѓународни фондови. Следење и имплементација на стратегиите за развој на Општина Новаци и останатите статешки документи.

**Специфични цели на програмата**

Динамичен локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции и овозможување добра бизнис клима за развој на јавните приватни партнерства. Искористување на расположиви домашни и меѓународни фондови. Континуирано подобрување на енергетската ефикасност. Зајакнување на административните капацитети за стандарди, обуки и тренинзи за имплементација на проекти. Зајакнување на капацитетите за бизнис и туристичка промоција на општината на домашен и меѓународен план.

**Носители на програмските активности**

Носител на Програмата за Развој е Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој на Општина Новаци кое во соработка и координација со Градоначалникот а разгледана и одобрена од Советот на Општина Новаци ја изготви оваа Програма и истите ќе бидат одговорни за реализација на програмските активности.

**Очекувани резултати**

Интензивиран локален економски развој преку континуирано зајакнување на капацитетите за привлекување инвестиции. Реализирана бизнис и туристичка промоција на Општината Новаци на домашен и меѓународен план. Зајакнати капацитети за промоција на Општината и привлекување инвестиции. Зголемена енергетска ефикасност на објектите под надлежност и во сопственост на Општина Новаци, како и давање на субвенции на населението за набавка на високоефикасни инвертер клими,  субвенционирање за монтажа на соларни бојлери и сл, поставување на фотоволтаици на крововите на општинските објекти за заштеда на електрична енергија и заштита на животната средина.

**Програмски активности**

Проектите на Општина Новаци во областа на локалниот економски развој ќе бидат насочени кон забрзан и динамичен развој на општината, согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни приоритети. За реализација на активностите во 2025 година, предвидените активности, генерално можат да се групираат во следниве поглавја:

1.Поддршката на Локалниот економски развој на Општина Новаци

2.Финализација на започнатите проекти

3.Развој на земјоделството

4.Изработка на стратешки документи

5.Изградба на патна инфраструктура

6.Меѓуопштинска соработка

7.Потикнување на развој на туризмот во Општина Новаци

8.Меѓународна соработка

9.Прекугранична соработка

10.Екологија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност

11.Поддршка на регионалниот економски развој

12.Проект - Општинско корисна работа

13. Проект – Јавни работи

14.Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент

15.Други оперативни расходи и договорни услуги

16. Плаќање на членарина на ЗЕЛС , АЛДА , ЦРППР и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соработува општина Новаци.

17.Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД

18.Организирање на „Фестивалот на жетвата Новаци 2025“

19.Урбанистичко планирање и градежно земјиште

20. Поддршка на младите и функционирање на младинскиот центар во Новаци

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ

**1. Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци планира да се реализира преку следните активности :**

-Гасификација на Новаци

-Проект Индустриска зона во Новаци

-Промоција на Општина Новаци и привлекување на домашни и странски инвестиции

-Изградба на ветерници, фотоволтаични и биогасни централи во Општина Новаци

-Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината за аплицирање пред домашни и меѓународни фондови;

-Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;

-Соработка на Општина Новаци со општините од регионот и со други општини во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности;

-Изработка на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање на проекти до отворени повици на програмите за развој на домашни фондови и преку програмите за развој на Европската Унија и други меѓународни фондови;

**2.Финализација на започнатите проекти;**

-Поддршка на Пелагонискиот плански регион и учество во подготовка на стратегии и програми за развој како и партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион ЦРППР согласно Законот за Рамномерен Регионален Развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој ;

-Поддршка за развој на МСП и претприемаштво. Малите и средни претпријатија претставуваат движечка сила на економскиот развој. Поддршката и развој на МСП и претприемаштвото ќе се реализира преку:Обуки на бизнис секторот, поддршка на МСП за усовршување и сертифицирање, поддршка на МСП за учество на саеми и промоција.

Вкупниот буџет за оваа ставка изнесува 1.000.000,00 средства од Буџетот на Општина Новаци.

**3.Развој на земјоделството**

Земјоделството и аграрната политика се меѓу главните приоритети на Општина Новаци. Селото и земјоделското производство отсекогаш било стожер и чувар на нашите темелни вредности. Земјоделството има и сериозно економско значење и потенцијал за поголем развој.

Ќе имаме отворен дијалог со земјоделците за решавање на нивните проблеми во делот за кој е надлежна општината. Ќе посветиме особено внимание кон оваа стопанска гранка затоа што е една од најзначајните за нашата општина и со проектите што ќе ги реализираме, ќе го подобриме животот на нашите земјоделци.

- Систем за наводнување од акумулацијата Суводол
- Изградба на секундарна мрежа во Живојно и Бач
- Изградба на полски патишта – 2 милион денари
- Редовно прочистување на одводните и доводните канали покрај река Црна низ Новачко поле
- Поддршка за формирање на земјоделски задруги
- Изградба на водопоила и санација на посоечките во селата

Буџет на оваа активност: 5 милиони денари

**4.Изработка на стратешки документи**

-Изработка на Стратегија за Локален акционен еколошки план ЛЕАП

Вредност: 500 000,00 денари

**5.Изградба на патна и друг вид на инфраструктура**

- Златен клас - изградба на улица до ИЗ улица бр.3 – 19.5 милиони денари ( 7 милиони денари од Министерство за транспорт и врски а остатокот од буџетот на општината во период од 2 години)
- Програма за асфалтирање на патишта и улици – 6 милиони денари
- Програма за субвенционирање на јавни комунални претпријатија по други основи – 5.500.000,00 денари
- Програма за јавна чистота - 5.250.000,00 денари
- Реконструкција на тротоари Новаци – 6 милиони денари
- Изградба на пешачка патека од Новаци до манастирот на Рождество на Пресвета Богородица во Новаци - 9 милиони денари
- Изградба на тротоари од Шик до ЦОУ „Славко Лумбарковски“ Новаци – 1 милион денари
- Изградба,реконструкција на детски паркови и партерно уредување Живојно и Коњарка – 1 милиони денари
- Ревизија на проекти
- Изградба на атмосферска канализација во с.Новаци -1 милион денари
- Хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација – 1,5 милион денари
- Реконструкција на улица во Новаци – 4 милиони денари
- Изградба на трем во село Брод -1 милион денари
- Реконструкција на црква во село Добровени – 500 000 денари
- Реконструкција на детски парк во с.Добромири 1.500.000,00 денари
- Изградба на летниковец во с.Бач – 1 милион денари
- Реконструкција на црквата Св.Атанасиј во с.Новаци – 4 милиони денари

Буџет: 66.750.000,00 милиони денари

**6.Меѓуопштинска соработка**

Во областа на меѓуопштинската соработка Општина Новаци во 2025 година ќе продолжи да соработува со општините од регионот и со општините од Р.Македонија , со кои ќе учествува во подготовка и реализација на заеднички проекти и активности, размена на знаења, искуства и кадри во различни сфери од своето работење.

**7.Потикнување на развој на туризмот во Општина Новаци**

Општина Новаци во делот за поттикнување на развојот на туризмот ќе се насочи кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани согласно стратешките документи и усвоените приоритети. За таа цел се предвидуваат следните активности:

-Претставување на Општина Новаци на домашни и меѓународни саеми.

-Организирање на Фестивалот на жетвата – 1.200 000 денари

-Подготовка и дизајн на промотивен материјал на македонски и странски јазик за привлекување на туристи и посетители во Општина Новаци – 600.000,00 денари

-Продлабочување на соработката со збратимените општини со фокус на можностите за развој на разните видови туризам и економијата воопшто.

-Креирањето и збогатувањето на туристичкиот потенцијал и понудата со посебен акцент на алтернативниот рурален туризам преку организирање на промотивни активности од различни области, (спортско–рекреативни, културни, кулинарски, традиционални и сл. настани), до подобрување на условите за понатамошен развој на туризмот.

-Промоција на алтернативни форми на туризам – како можност за создавање на дополнителни приходи во општината и нови вработувања за мажите и жените.

- Изградба на туристички населби во Мариово од страна на приватни инвеститори

Други форми на активности со кои се помага развојот на туризмот и промоцијата на Општина Новаци се следните:

- Обезбедување сместувачки капацитети на територијата на општина Новаци со средства од меѓународни фондови и донатори за домашните и странските туристи како и за учесниците на одделни манифестации и активности во организација на општината.

-Организирање протоколарни и промотивни средби при одржување манифестации и реализирање на разни активности од областа на промоција и развој на туризмот и други активности во општината.

-Изработка на физибилити студија за развој на алтернативниот, руралниот , меморијалниот туризам на територијата на Општина Новаци.

-Поставување на табли, патокази, обележување на туристички патеки

-Туристички инфо центар во склоп на Општина Новаци

-Развој на руралниот туризам преку користење на ЕУ фондови

- Партерно уредување на шумска патека од с. Зовиќ до мостот – 3,2 милиони денари

- Уредување на капалиште во селата Зовиќ и Градешница

- Изградба на летниковец во с.Градешница – 200.000,00 денари

- Мариово –Едукативна ексурзија за деца од основните училишта

- Инфо тура за туристички агенции

- Мариово – фото сафари

- Етно работилница – изработка на биено (тепано) сирење

- Астроучилница – кампување во Мариово со астроучилница за деца и возрасни

- Добро Поле – местото каде е пробиен Македонскиот фронт за време на Првата светска војна – велосипедска и 4x4 екскурзија

- Опремување на медијатека со библиотека во Младинскиот културен центар во Новаци

Буџет: 5,2 милиони денари

**8.Меѓународна соработка**

Во областа на меѓународната соработка Општина Новаци во 2025 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените општини како и проширување на соработката со нови партнери преку :

-Организирани посети на претставници од Општина Новаци во збратимени општини а со цел размена на искуства и заедничка подготовка на апликации.

- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Новаци и наши делегации во странство

- Учество на разни програми со проекти од различни донатори

Буџет: 600.000,00 денари

**9.Прекугранична соработка**

Во делот на прекуграничната соработка, одделението за Локален економски развој ќе оствари средби со партнери од грчка и албанска страна,наши досегашни партнери со кои сме реализирале проекти од ИПА програмата за прекугранична соработка од новиот програмски период 2021-2027 со цел остварување на нови партнерства и аплицирање на нови проекти од посочените програми.

Партиципација односно сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање и реализација на проекти од ЕУ фондови, државни фондови, институции, и други донатори;

Аплицирани се три проекти во прекуграничната програма со Грција и еден проект во програмата за прекугранична соработка со Албанија.

-CO ENGAGE - 392.449,00 €

-TOUR UP – 413.800,00 €

- TOUR HUB - 360.000,00 €

- ECOCROSS:Uniting borders for environmental sustainability – 268.087.00€

Буџет: 1.434.336,00 евра  или 88.211.664 денари

**10.Екологија, обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност**

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Токму затоа општинската администрација ќе биде насочена кон превенција на непрописно постапување со отпадот и шутот, едукација на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, како и мерки за загадувачите на средината во која живееме, воведување на субвенции за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за жителите на Општина Новаци, изградба на термофасада во ЦОУ Славко Лумбарковски во Новаци,субвенции за поставување на соларни бојлери за вода, спроведување на акции за пошумување, поставување на фотоволтаици на кровот на општинските објекти, изградба на зелени ѕидови, компостара и сл.

Буџет: 2 милион денари

**11. Поддршка на регионалниот економски развој**

Главната цел на оваа поддршка е создавање услови за значително намалување на диспаритетите овозможувајќи подобри можности за живот на сите граѓани за развивање и унапредување на техничките, организациските и човечките капацитети на институциите во областа на региоалниот развој, унапредување и понатамошно подобрување на законската рамка, стратегиите и акционите планови, и подобрување на координацијата за рамномерен регионален развој на национално ниво.

**12.Проект - Општинско корисна работа**

Проектот ОКР 2025/26 е поддржан од програмата на Обединетите нации - UNDP**,** Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална работа. Програмата во континуитет се одржува години наназад при што завршува еден виклус и почнува нов. До месец март 2025 година се ангажирани 8 лица од кои 7 како негователи на стари лица во домашни услови а 1 лице е ангажирано како неговател во детската градинка Бамби во Новаци. Овај проект има за цел да овозможи социјално вклучување на невработените лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време. Општината го финансира делот за персонален данок на секое ангажирано лице. Овај проект ќе продолжи и понатаму преку аплицирање на новиот повик за оваа програма кој се очекува да биде објавен на почетокот на април 2025 година. За овој проект од буџетот на Општина Новаци во 2025 година се планирани 400 000,00 денари.

**13. Проект – Јавни работи**

Општина Новаци има повеќегодишно искуство во организирање и реализирање на проекти од областа на комуналната дејност и јавните работи.Проекти од овој тип се реализирани во периодот 2010-2024 година. Општина Новаци има потреба и честа практика во пролетниот и есенскиот период од годината да ангажира невработени лица со ниски квалификации во

реализација на краткорочни проекти од областа на заштита на животната средина и одржување на јавните зелени површини.Со учество и аплицирање во Програмата за работно ангажирање-Јавни работи се овозможува продолжување на на оваа практика и ангажирање на поголем број на невработени лица. Лицата кои ќе бидат ангажирани во проектните активности во програмата Јавни работи ќе се стекнат со практични вештини од областа на одржување и заштита на животната средина и ќе имаат можност да аплицираат и да бидат вклучени во проекти или вработувања

За овој проект од буџетот на Општина Новаци во 2025 година се планирани 90 000,00 денари.

**14. Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент**

Транспарентноста и отчетноста, надополнети со партиципативноста, се основни принципи на доброто владеење и се клучни за јавноста да има информации и увид, но и да учествува во креирањето на општествените политики. Она што е од огромно значење е граѓаните да бидат целосно информирани но и во што поголема мера да партиципираат во процесот на донесувањето на одлуки и во креирањето на локалните политики и важните стратешки документи , кои што нив директно или индиректно ги засегаат.

**15. Други оперативни расходи и договорни услуги**

-Учество на обуки , работилници, семинари и сл.

-Превод на документи за потребата на работењето на општина Новаци

-Консултантски услуги

-Договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари

Износот на оваа ставка во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година изнесува 130.000,00 денари.

**16. Плаќање на членарина** на ЗЕЛС , АЛДА , ЦРППР и други здруженија и асоцијации во кои членува и со кои соработува општина Новаци.

Износот на оваа ставка во Буџетот на Општина Новаци за 2025 година изнесува 90.000,00 денари.

**17. Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД**

Со цел искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка од ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од Општина Новаци до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советување за земјоделците со преставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развој на земјоделството и со други експерти.

**18. Организирање на „Фестивалот на жетвата Новаци 2025“**

„Фестивалот на жетвата“ е манифестација која во 2025 година ќе се одржи по 4 пат. За прв пат се одржа во 2022 година во месец јули во Општина Новаци, како рурална општина каде се наоѓаат најголемите производители на храна во нашата држава. Токму затоа со оваа

манифестација сакавме да ја афирмираме општината и нејзините ресурси како многу важна алка која придонесува за производството на храна и развој на економијата во државата во услови на светска криза.

„Фестивалот на жетвата" е дводневен саем на кој учество земаат педесеттина изложувачи и тоа на: разни видови земјоделска механизација, земјоделски препарати, семиња и пестициди, продажба на осигурување за земјоделците, обезбедување информации за разни кредити за набавка на земјоделска механизација, локални производи и домашна традиционална храна, мед и производи од мед, млечни производи, ракотворби, минерална вода, разни видови на домашна храна произведена на овие простори и слично.

Вредност: 1 200.000,00 денари

**19. Урбанистичко планирање и градежно земјиште**

Вложувањето во урбанистичкото планирање и градежното земјиште во Општина Новаци е особено значење затоа што може да донесе значителен напредок и подобрување на инфраструктурата, животната средина и квалитетот на живот за локалната заедница.
Буџет 1 милион денари.

**20. Поддршка на младите и функционирање на младинскиот центар во Новаци**
**Буџет:450.000,00 денари**

## ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 172.621.664,00 денари ќе бидат финансирани со средства од:

- Буџет на Општина Новаци за 2025 година,
- Буџетот на Р. Македонија,
- Меѓународни донатори
- Фондови достапни по Програми на Европска Унија,
- Јавно - приватно партнерство помеѓу Општината и бизнис секторот.

- **БУЏЕТ НА ПРОГРАМАТА**

| **Ред. Бр.** | **Активност** | **Износ МКД** |
|---|---|---|
| 1 | Поддршката на Локалниот економски развој на општина Новаци | / |
| 2 | Финализација на започнатите проекти | 1.000.000,00 |
| 3 | Развој на земјоделството | 5.000.000,00 |
| 4 | Изработка на стратешки документи | 500.000,00 |
| 5 | Изградба на патна и друг вид на инфраструктура | 66.750.000,00 |
| 6 | Меѓуопштинска соработка | / |
| 7 | Поттикнување на развој на туризмот во општина Новаци | 5.200.000,00 |
| 8 | Меѓународна соработка | 600.000,00 |
| 9 | Прекугранична соработка IPA CBC MK и AL | 88.211.664,00 |
| 10 | Екологија, обновливи извори на еенргија и енергетска | 2.000.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| | ефикасност | |
| 11 | Поддршка на регионалниот економски развој | / |
| 12 | Проект - Општинско корисна работа | 400.000,00 |
| 13 | Проект – Јавни работи | 90.000,00 |
| 14 | Транспарентна општина и информирање и едукација на јавноста за придобивките и одговорноста на граѓаните во единицата на локална самоуправа преку креирање на одржлив систем на комуникација и комуникациски менаџмент | / |
| 15 | Други оперативни расходи и договорни услуги | 130.000,00 |
| 16 | Плаќање на членарина | 90.000,00 |
| 17 | Поддршка на земјоделците за искористување на средствата од ИПАРД | / |
| 18 | Организирање на „Фестивалот на жетвата Новаци 2023“ | 1.200.000,00 |
| 19 | Урбанистичко планирање | 1.000.000,00 |
| 20 | Поддршка на младите и функционирање на младинскиот центар во Новаци | 450.000,00 |
| | | |
| | **ВКУПНО:** | 172.621.664,00 денари |

Организација на Програмата за активностите на Општина Новаци во областа на Локалниот економски развој во 2025 година ќе ја имплементира Одделението за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој со релевантните одделенија во Општината.

**Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и локален економски развој го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци“.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска